РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 08-3360/1
29.12.2025 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија '' бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица" бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4[та] седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За прогласување на тридневана жалост на подрачјето на општина Македонска Каменица**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица прогласува тридневана жалост на подрачјето на општина Македонска Каменица поради смрт на нашата сограѓанка Симона Каранфиловска од Македонска Каменица.

Деновите 30.12.2025 година, 31.12.2025 година и 01.01.2026 година се прогласуваат за денови на жалост.

**Член 2**

Се одлагаат сите настани од забавен карактер организирани по повод Новогодишните празници.

Државните знамињата пред јавните институции ќе бидат спуштени на половина копје.

**Член 3**

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Македонска Каменица".

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Злате Алексовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА * СОВЕТ НА ОПШТИНА